# 49.

# Македонски театарски фестивал
# ”Војдан Чернодрински”
# Прилеп







билтен бр.2



06-13 јуни 2014

# Многузначноста на Фестивалот

*Илузијата за магијата наречена "театар" кулминира. 49-ото издание на МТФ "Војдан Черндрински", го докажува она што го навести уште од самиот старт, дека во пресрет на својата полувековна зрелост, која во исто време значи и мудрост за од најдоброто да се избере најдоброто, Фестивалот ја исполнува својата функција. И не само со театарските претстави кои кај поклониците на Талија предизвикуваат своевидна духовна катарза или делириум, туку и со сé она друго што е вткаено или вкомпонирано на разбојот од театарската уметност, а кое не може да се третира на сцената, иако е нерскинлив дел од она што се нарекува театарско случување. Суптилното додавање и на едукативната нишка (промиции, работилници, дебати, трибини), Фестивалот го прави многу помагичен, поатрактивен, повозбудлив за сите... како страсна симбиоза на двајца вљубени. Ова не дозволува Фестивалот да се сведе само на обично прикажување на претстави. Тој, или поточно неговото Височество "Фестивал" добива сосема нова квалитативна димензија која треба да се поддржи, но и да се надградува.*

# Музиката е важен сегмент за претставите




Музиката е важен сегмент за театарските претстави, веднашпо режијата и актерите. Таа ги проширува изразните средства на претставата, беше потенцирано на трибината "Музиката во театрските претстави". Модератор беше режисерот Дејан Пројковски, кој рече дека бројот на композитори, на реалвантни имиња ја посочува важноста од создавањето авторска музика.



- Во современиот театар долги години се зборуваше дека режијата е една од професиите која го носи театарот напред, дека е најзаслужна за посмодерниот театар. Сметам дека театарскиот композитор е една од личности што е заслужна со режисерот за овие нови современи етатрски форми. Композиторите, по режисерот, се сериозни автори на претставата, затоа што театарската музика сега има различни изразни средства, станува еден од клучните моменти во претставите, рече Пројковски.

***Ана Стојаноска,*** *професор од ФДУ* - Гледаме театар, драмски текст, режијата, актерите, но најчесто заборавамe на музиката. Многу е важно кога имате добар театарски композитор. Треба да видите како тој ја чита претставата. При истражувањето на театарската претстава секогашми било важно што ќе се слушне во овој важен момент. Ги имаме најдобрите театарски композитори. Тие се креативци во процесот на создавање на театарските претстави. Бидејќи е специфична театарска уметност директно функционираат, и нивната работа е поврзано со емоцијата, играта, со самиот театар како комплетен театарски чин.

***Горан Трајковски,*** *композитор* **-** Да се работи музика за оние кои тоа го сакаат е преизвик во секој поглед. Историјата познавала, и познава многу големи композитори. Добриот композитор на музиката, не секогаш значи дека е употреблив во театар. Да се работи музика во театар е специфична дисциплина, која за мене подразбира работа на терен, работа која бара излегување од, условно речено, канцелариските простории, место каде создава композиторот. Затоа што театарот, како што го гледаме, најчесто е на сцена. И театарската музика треба да се создава таму каде што се случува. Потребно е да се има блиска врска со чинителите на театарот, пред сé, актерите. Иако режисерот е двигател на театарскито чин, сметам дека и композиторите треба да бидат поблиску до жариштето, до сцената, до актерската игра. Зошто го велам ова? Од лично искуство, затоа што во театарот сум повеќе од 20 години. Сум имал можност да работам на повеќе начини и во т.н. дописна школа, сум го искусил тоа и сметам дека не е во ред. Тој начин на работа можеше повеќе да се сретне во 80-ите и 90-ите години од минатиот век, затоа што самите продуценти тоа го негуваа, за да заштедат средства. Тој процес не е во ред. Затоа сметам дека присуството на композиторот во театарскиот процес е многу важно.

***Марјан Нечак,*** *композитор* **-** Благодарност што се сетија на оваа професија да ѝ дадат повисоко значење. Мило ми е што се разговора, мислам дека треба да биде различен начинот на презентацијата на театарската музика. Од раното детство бев "инфициран" со музиката, бидејќи сум од музичко семејство. Професијата доаѓаше преку соло пеењето. Пеев на германски. Прашував: Што пеам, ми треба превод?! Професорот ми одговори: За љубовта! Одев и го преведував текстот. Она што мене ме инспирира е - каква приказна раскажува музиката. Интерпретацијата е главниот сегмент во музиката, во драмата. Случајно влегов во театарот. Почнав кога ја добив втората шанса за музичка претстава. Се занимавав со откривањето на она што пејачот не може да го изведе, а што може актерот. Мислам дека актерот може повеќе да даде. Широка е темата, не може сé да се каже. Во моментов, кај нас се прават први чекори во трендот за музички театар, што во странство, постои се негува, се надградува. Мило ми е. Моите искуства ги пренесувам и надградувам. Актерот има провокација и не знае од која страна доаѓа. Музичкиот театар е голем театар, потреба која ја имаме како земја. Она што е важно, клучно кај композиторот, е дека треба да ја познава драматургијата. Талентот и работата не се спомнуваат. Најважна е драматургијата, преку која се создава одлична атмосфера, и е главен двигател. Музичкиот театар доаѓа од операта. Многу често работам проекти од дома, во комотна ситуација и пишувам. Уживам кога илузијата треба да ја создадете сами. Не се раскажува како се компонира. Влегувањето во тој свет е клучно, со талентот да се претскаже сé она што ќе се случува. Дописната школа, да ми направиш пет теми, се употребува во балетот, кој е послободен од драматургијата, ама во театарот темелот е драматургијата. Според моето искуство, не се зема предвид она што е



важно; а тоа дека нашите актери се малку музички образовани и едуцирани. Таков тип на претстава треба да израсне, да созрее. Мило ми е дека има млади режисери кои прават чекори за кои не се свесни, за музичкиот театар. Тој тип на театар публиката го прима, иако се чудење. Мораме да ја едуцираме и публиката.

***Венко Серафимов,*** *композитор* - Ова го разбирам како мала чест за нас во однос на тоа што го работиме. Случјано влегов во овие води. Минатата сезона ја имав 72 театарска премиера со авторска театарска музика. Многу е обемно. Малку се знае за нашата работа. Ако работите во театарот и имате девет "сонга" тоа е мјузикл. Тоа е многу работа. Нашата работа е врзана со ентузијазмот. Се препознава во оној дел, како што кажа Горан, а се надоврза Марјан, во учестовото во целиот процес на работата. Ти влегуваш во еден друг свет, се даваш на начин со кој придонесуваш со својата индивидуа, но на еден глобален процес. Нашата работа е специфична од повеќе аспекти. Еве, ние тројцата работиме различен музички жанр. Тоа е добро за театрите. Нашето место во салата е интересно. Не потекнуваме од нужно диктирана естетика, која има волја. Лужина кажа дека, ако не се документирањата на театарот, тој нема да постои. Тоа е точно. Тоа е голема фамилија во која секој треба да го знае своето место. Што е интеренсо кога го ангажирате композиторот? Музиката може да биде светло, сценографија, звук ако се искористи на вистински начин. Можеш да направиш спектакл, а да не чини многу. Не сметам дека нужно мора да има авторска музика, сé зависи од режисерот, од театарот ако може да плати некоја друга песна. Но, попрактично е, побезбедно е да имате авторски композитор од многу апсекти. Сум бил привилегиран да бидам мал дел од таа фамилија, што е симпатично. Генерално, сакам да се има респект кон луѓето кои се квалитет во татарот, да се задржи еснафот.

Сакам да потенцирам дека малку внимание се посветува на пеењето во театрите. Потребна е практика, вежбање. Тука треба да се работи, оти актерите ќе може да влезат во друг свет. Музиката во театарот е како звук, неразделна работа од целиот процес.

## На МТФ

# Промоција на нови имиња во македонската драма

Во рамките на фестивалот "Војдан Чернодрински" беа промовирани две нови имиња во македонската драма. Станува збор за авторките **Маре Ристеска** и **Василка Аврамовска**, чии пиеси "Фортуна" и "Осаменост" беа претставени од писателот Јордан Плевнеш.

- Василка Аврамоска е дипломиран драматург, додека Маре Ристевска е магистер по драматургија и двете излезени од ЕСРА Скопје. Имаме две нови имиња во македонската драма кои се претставници на женскиот бран во македонската драматургија, што може да не преплави, во следните години - вели Јордан Плевнеш, посочувајќи го при тоа писмото од Загорка Поп Антоска за творештвото на двете авторки.



Кога го прочитав делото "Осаменост" на Василка Аврамовска посветено на Ниче помислив дека континентот Европа живее во највозбудливите времиња, дека може млада авторка да пишува на една од најклучните теми посветени на едно од најконтроверзните имиња на светската филозофија Фридрих Ниче, смета писателот Плевнеш.

- Во јазикот на Аврамовска се чувствува Ниче како да зборувал на македонски јазик. Сите бариери од англискиот, од германскиот јазик исчезнуваат. Постои еден единствен јазик. Во драмата на Василка се зборува за опасноста на времето во кое живееше Ниче, опасност преселена по повеќе од 100 години по неговото исчезнување. Кога се чита пиесата, имаме едно исто време... На пиесата ѝ посакувам да биде играна и во други европски центри - рече Плевнеш.

"Фортуна" на Маре Ристевска е пишувана според расказот на Живко Чинго.

- Во текстот на Маре се чувствува она што Чинго го носеше како сон и го оствари во неговите драми, оној тип на неговата љубов кон самиот град, што го напиша и во "Пасквелија" и во романот во ракопис. Маре Ристевска со пиесата го овековечува светот на Чинго врзан за Охрид, бидејќи во неговите пиеси беше опседнат со широко поле на состојби и не напиша пиеса за Охрид. Со "Фортуна" охридската традиција - античка, римска, византиска, медитеранска, ја доби првата пиеса што ќе биде предизвик за театарот да ја видиме на професионална сцена, оти се чувствува медитеранската традиција на комичното. Една форма на хумор што живее и може да го спаси светот, наспроти убавината на Достоевски. Ристевска е естетски доказ за тоа. Во нејзиниот регистар влегуваат различни теми и отвори простор за фестивал во Охрид - изјави Плевнеш.

Извадоци од пиесите на Василка Аврамовска и м-р Маре Ристевска читаа актерите Владимир Ѓорѓијоски, Виолета Чакарова, Димитар Црцороски и Ангела Наумоска од театарот "Војдан Черндорински".

# Гледавме . . .





НУ Театар "Комедија" Скопје
**"Хамлет во пикантен сос"**
Режија: Александра Кардалевска
Текст: Алдо Николај
Играат: Крсте Јовановски, Зорица Стојановска, Кристина Ласовска, Атанас Атанасовски, Јелена Жугиќ, Валентин Костадиновски-Тино, Тања Мицков, Роберт Ристов, Илија Илиоски, Жарко Димоски, Ердоан Максут.

## Претставата . . .

Претставата "Хамлет во пикантен сос" тргнува од големото дело на Шекспир, поточно од дејството што се случува во него. И толку. Сите причини и последици во оваа трагедија се ставени во друг контекст. Центар на сите случувања е кралската кујна, готвачот Фроги е тој кој решава да го насочува дејството, да убие од сосема други причини за да ја заштити својата репутација на готвач. Овде кујната се јавува и како голема метафора зашто е симбол на секаков вид "кујна" во која се готват заговори, заплети, па и расплети. Актерската екипа на театар "Комедија", кому ова му е второ учество во официјалната програма на Фестивалот, со играта на сцена, со одличните дијалози и режисерското видување наиде на одличен прием кај публиката. Иако во почетокот публиката беше малку збунета од насловот и од тоа што да очекува од претстава со малку "чуден" наслов, сепак, одлично реагираше и се сроживеа со дејството на сцената.

***Крсте Јовановски,*** *актер*

Прво беше малку стегнато. Според мене, понатаму, публиката со одлично внимание ја следеше претставата. Бевме ставени под микроскоп, низ призма, за да се види и за да се чуе сé. Публиката внимателно ја следеше претставата и потоа почна да реагира со нас, се воспостави комуникацијата. Ова е малку чуден текст, но и сите ситуации кои внатре се случуваат.

Онаа позната вистина за Хамлет која ја знаеме, овде е испревртена. Целата приказна за Хамлет е во главата на готвачот. Сé прави во знак на одмазда што Хамлет не му ја јаде храната што ја зготвил, а Клаудиј бил со жена му. Извртена ситуација, полна метафори. Мислам дека одлично поминавме и публиката многу убаво ја прими претставата.

***Јелена Жугиќ,*** *актер*

Поминавме одлично. Јас, многу добро ја познавам прилепската публика која е доволно доблесна и доволно смела, во крајна линија, да биде искрена. Преку целата претстава имав чувство дека публиката го следи текстот, што е многу интересно, зашто, ако нешто импонира, тоа е текстот. Тоа е култниот Николај кој ја има напишано култната “Умри машки” со која имам одиграно 150 претстави и беше еден од мотивите да биде поставен на репертоарот во театар “Комедија”. И да играм во неа, зашто оваа е првата, од седумте на ансамблот во која играм. Прилепската публика брзо сфати што гледа, брзо ја сфати превртената ракавица на “Хамлет”. Тука сé е Хамлет, но тој се случува во кујната и сите трагедии се предизвикани од многу комичен сплет на околностите. Втор пат ансамблот е во официјалната конкуренција. Чувствувам дека созреавме. Знам колку им е важно на актерите кои претежно се млади. И кај мене е истата возбуда, иако многу пати сум играла на Фестивалот.

***Александра Кардалевска,*** *режисер*

Делата на Алдо Николај се поставувани на сцените секаде во светот. Имаат многу публика и претставите се атрактивни. Хамлет е многу познат и трагичен лик, тоа е големото дело на Шекспир. Овде, во претставата “Хамлет во пикантен сос” е ставен во друга позиција. Целата таа перспектива што ја знаеме се отвора од еден, поинаков агол и гледаме како, во една кујна се готви целата приказна. Тоа е кујна каде се “готват” сите тие политики. Секогаш тоа е актуелно со моментот во кој се живее. Впрочем таков е и Хамлет на Шекспир, секогаш универзален и актуелен. И ова видување, каде што се релативизира сета таа тежина што ја носи Хамлет, поставен во кујната, изместен е фокусот, но и целата низа причини и последици што ги знаеме од “Хамлет”, сé е ставено во едно друго лонче, она на готвачот Фроги, сето дава една леснотија, но сé уште ја носи тежината што цела една држава, практично, се распаѓа од разни причини. Оваа е 19 изведба на претставата, задоволна сум од реакциите на публиката. Не ми е првпат со претстава да настапувам на Фестивалот и секогаш сум задоволна од прилепската публика. Мислам дека е еден од подобрите перцепиенти на театарската уметност.

## *Публиката . . .*

- Интересна претстава. Во почетокот не знаев што да очекувам, насловот ме збуни. Си реков: Што е ова кога "големиот" Хамлет се става во таков контекст. Но понатаму ми стана јасно дека има интересен концепт. Уживав.
- Претстават ми се допадна. Посебно актерската игра на Јелена Жугиќ, на Крсте Јовановски кој го играше готвачот, на улогата на неговата жена Кати.

# Гледавме . . .





НУ Театар за деца и младинци - Скопје

**"Нашиот клас"**

режија: Владимир Милчин

текст: Тадеуш Слобоѓанек

Играат: Наташа Петровиќ, Симона Спировска, Ерма Куртишова, Драган Довлев, Владимир Лазовски, Предраг Павловски, Мики Анчевски, Мартин Јорданоски, Бојан Кировски, Ненад Митевски.

## Претставата . . .



Претставата "Нашиот клас" преку текстот, но и преку режисерската замисла допира до срж та на сите нас. Психолошката драма за злосторството, вината, но и за казната, секогаш ги раздвижува и ги потресува нашите размисли за тоа што ни прават војните, периодите на "окупации", за превртливоста на човекот кој е подготвен да се продаде себеси, но и за жртвата како последица на таквата продажба на душата. Еден клас со ученици кои во почетокот ги делат соништата за тоа што ќе бидат "кога ќе пораснат", се распаѓа под притисокот на "политиките". Злосторството, вината, казната стануваат неминовни. Публиката, на првото претставување во официјалната

конкуренција за награди на Театарот за деца и младинци го пречека со аплауз, со потврда дека сериозно ги сфатила и прифатила ансамблот и неговата раскошна креација.

***Драган Довлев,*** *актер*

Чест ни беше што бевме во официјалната конкуренција на Фестивалот. Голем предизвик ни беше да го работиме текстот, бидејќи е нестандарден, необичен, многу добар. Ние, повозрасните колеги, не сме работеле долго ваков текст, а на младите им е свежо. Ние повозрасните 23 години во театарот наш, ваков проект не сме имале. Вистински момент е поставувањето на овој текст за заживување на младинската сцена.

***Предраг Павловски,*** *актер*

Убаво се чувствав по изведбата на претставата. Мило ми е што се враќаме на Фестивалот, каде имавме добар прием и одлично ја одгравме претставата пред фантастичната публика.

***Владимир Милчин,*** *режисер*

Не се сомневав дека претставата ќе профункционира одлично тука, оти го знам вкусот на прилепската публика, која знае да оцени, награди, сé што е извонреден резултат на еден ансамбл, кој заедно со мене работеше важен и тежок текст. Важен од денешен аспект. Многу сум задоволен од екипата која има голем потенцијал да игра сé. "Нашиот клас" го поставив затоа што сакав да ја претставам илузијата со паѓањето на берлинскиот ѕид, дека ќе дојде слобода, ќе се надминат иделогоиите, тоталитаризмите. Сé се распадна на парам-парче. Исклучителен текст кој треба да се игра, не ве остава на мира, нé удира како шлаканица. Говори за злосторот, за вината, ама и за казната. Правдата стигнува, без оглед што е бавна. Генерално, важно ми е што игравме во Прилеп, на Фестивалот со ваква претстава.

## *Публиката . . .*

- Ме потресоа текстот и изведбата на актерската екипа на Театарот за деца и младинци. Одлична енергија на младите.
- Ми се допадна енергијата на актерите на сцената. Ме вознемирија суровоста на луѓето, последиците од тоталитаризмите.

# Гледавме . . .





НУ Турски театар - Скопје

**"Камен"**

Режија: Билге Емин

Текст: Мариус фон Маjенбург

Играат: Зиба Радончиќ, Џенап Самет, Сузан Акбелге, Зубејде Селимовска Али, Фунда Ибрахим, Билјана Јовановска

## Претставата . . .

Ниедна вистина не останала закопана. Па така и онаа скриена во кругот на најблиските. Колективната меморија, поточно, драмата на едно семејство од Дрезден како блесоци не навраќа низ годините, де напред, де назад, (1935- 1993) за низ фрагментарната драматургија режисерката Билге Емин да ја одголи лагата, да ја открие вистината и да го разобличи семејниот мит, за криењето на вистината, за злосторството на нацизмот. “Камен” е збир на емотивни сеќавања на генерациите, претстава за градење на иднината врз минатото, но она вистинитото, за да се потврди идентитетот во борбата на себеопстојувањето и снаоѓањето на обичниот човек.

***Зиба Радончиќ,*** *актер*

Вита платила многу голема цена во животот како жена. Всушност, таа само ја крие тајната на својот маж за кого подоцна дознава дека е нацист. Таа во својата младост го прифатила најнормално. Целиот нејзин живот е лага, на

почетокот ја лаже ќерка си за да ја заштити, а потоа да ја открие вистината за да заштити внуката. Ја почувствував реакцијата на луѓето кои го познаваат театарот затоа што ова е потешка драматургија, и забележав дека публиката гледа настрана, да го следи текстот на видеобимот, што за нас е хендикеп.

***Џенап Самет,*** *актер*

Како единствен маж во претставата "се чувствувам како во харем." Но шегата на страна, претставата остава простор за анализа на еден период пред и по Втората светска војна во Дрезден, Германија. Претставата доловува како луѓето живееле, што правеле и како страдале, односно, колку конфликти имало меѓу Германците и Евреите. Тоа се пренесува и во мојот лик на Волфганг. По многу години, скриената вистина, излегува на виделина кај потомците. Работевме два месеца, со цела душа што го исполни целиот ансамбал.

***Билге Емин,*** *режисер*

Текстот на Мариус Фон Мајенбург е тешка драматургија. Се адаптираше да биде разбирлив. Затоа се следеше возбудливо. Се следи секундата. Публиката беше внимателна, што се потврди на крајот со реакцијата, односно со аплаузот. Претставата предизвика задоволство, возбуда и допадливост.

## Публиката . . .

- Драмската изведба беше добра, малку имавме проблем со разбирањето на претставата, бидејќи се менуваа годините, но имаше превод и можевме да следиме.
- Најдобри карактеристики, екстравагантно добро.
- Не е типична претстава по хронолошки редослед, туку се обиделе да ги измешаат настаните за да биде помистериозно.

# Гледавме . . .



НУЦК "Ацо Шопов" - Театар Штип

**" Мрачна комедија"**

Режија: Спаосе Миловановиќ

Текст: Питер Шефер

Играат: Пеце Ристевски, Ангелка Нашкова, Валентина Ѓорѓиевска, Миле Вратеовски, Милорад Ангелов, Марија Минчева, Виктор Арев, Владимир Тулиев, Миланчо Ѓоргиев.



## Претставата . . .

Суптилниот режисерски приод кон обичните секојдневни ситуации во кои запаѓаме сите ние и обидот на сето тоа да му се даде една комична конотација, независно од вистинската тежина на настанатиот "проблем", е главната поента на текстот од Питер Шефер, преточен во театарското случување "Мрачна комедија". Безредието кое се создава поради снемувањето електрична енергија, како на површина да ги исфрла сите мрачни аспекти на свеста и потсвеста на главните јунаци: од неоргнизираноста (неможноста да се најде кибрит и свеќи), преку двојните љубовни игри (присуството и на свршеницата и на љубовницата), па се до нецелосно дефинираната сексуална определба, како една од одликите на современото општество. Синхронизираната актерска игра на целата екипа, тие моменти успева да ги долови на еден толку природен, но, во исто

време и крајно професионален начин, така што гледањето на претставата се чини дека прави своевидна позитивна преобразба на нашите поимања за тоа како полесно да се справуваме со сé она што секојдневно ни се случува.

***Миле Вратеовски,*** *актер*

"Чернодрински" е наш најголем Фестивал на театарот, а со самото тоа, големо е задоволството да се учествува на него. И не само со настапот, туку и преку дружењето со колегите овде има поинаков "вкус". Инаку, задоволен сум од вечерашната наша изведба, особено и поради тоа што прилепската публика е посебна во многу нешта, пред сé, во вреднувањата на нештата. Нашата претстава е лесна и приемчива, а тоа публиката го почувствува веднаш, што ми е особено битно и ме исполнува.

***Анѓелка Нашкова,*** *актер*

Фестивалот е прекрасен, организацијата, дружењето... сé е извонредно. Што се однесува пак до вечерашнава изведба, јас сум многу задоволна. Може тоа доаѓа од посебната енергија со која зрачи оваа публика, бидејќи секогаш кога доаѓаме да играме во Прилеп, доживуваме посебен вид на возвишена емотивна состојба. Благодарност кон прилепската публика.

## Публиката . . .

- Убава, лесна претстава, која во овие тешки времиња ни́ дава еден поинаков, порозов поглед на животот. По нејзиното гледање се чувствувам многу пријатно.
- Ми се допадна претставата. Јас и онака сум љубител на комедиите, па, можеби и затоа кај мене задоволството од виденото е поголемо отколку кај другите.
- Кратко, јасно, концизно, забавно, весело тетарско случување. "Мрачната комедија" си има своја порака, своја поента која мислам дека е разбирлива за сите. Задоволство е да се гледа оваа претстава.

# Гледавме . . .



НУ Драмски театар - Скопје
**"Евангелие на глупоста"** ( Далај мама во два дела)
Автор и режисер: Љубиша Георгиевски
Играат: Благој Чоревски, Ирена Ристиќ, Филип Трајковиќ, Игор Георгиев, Катерин Шехтанска - Лаковска, Трајанка Илиева - Таци, Игор Ангелов, Петар Мирчевски, Славиша Кајевски, Валдета Исмаили, Ана Костовска, Милица Стојанова, Александра Павлова, Диме Илиев, Златко Митрески

## Претставата . . .



Претставата „Евангелие на глупоста" (Далај мама во два дела) е приказна за распадот на „западната цивилизација". Граничејќи со траги-комедија, низ режисерката палка е пренесена трагичната фарса на светот кој од една страна е многу смешен, а од друга просто трагичен. Масовноста и колоритот на ликовите мошне добро ја претставува искривената страна на човекот, онаков како што не треба да биде, овозможувајќи му на гледачот да погледне внатре во самите ликови на сцената. Односно, да ѕирнеме во самите себе и однатре да видиме кои сме и какви сме, макар колку тоа да е сурово. Станува збор за глупоста во фаза на метастази и сите ликови во пиесата се метастазирана глупост во која за миг може и да се поверува.

Покрај учеството на неколкуте добро познати актери од Драмскиот театар, како Милица Стојанова, Благој Чоревски и Диме Илиев и други, од битолскиот театар, публиката го виде Петар Мирчевски, а како гостин настапува и Славиша Кајевски од МНТ.

***Милица Стојанова,*** *актер*

Ја играв улогата на третата караконџура! Неуморна сум, енергијата ми е од животот, од детството кога ме научиле да работам. Пресраќна сум што направив 58 години стаж, од 1992 сум во пензија, но не ме тргнаа од сцената и среќна сум, играм со најмладите генерации и соработувам со режисерот Љубиша. Публиката прилепска е извонредна. Паметам од старите времиња дека се плашевме од прилепската публика која е со многу умни итри луѓе, знае да реагира кога треба. Се чувствувам прекрасно, имам награди и се надевам дека ќе дојдам и в година на 50. МТФ. Прилепчани го крепат Фестивалот и го негуваат. Нема да заборавам кога со Џувалековски игравме дуо-драмата “Партија реми” и наместо на сцената, кога рече се полни салонот, па од камерна, стана масовна престава. Убави сеќавања имам, да жевее Фестивалот и да даде и други можности. Објектот на Театарот е стар и да се преуреди.

***Благој Чоревски,*** *актер*

Прилеп отсекогаш имал феноменална публика, односно дијаманстка или платинеста публика, вреди да се даде сé од себе. Со ќеф доаѓаме, публиката која знае, не може да ја излажеш. Во Прилеп секоја претстава е поразлична од онаа која ја играме во Скопје. Посебно се подготвуваме.  Ликот на Јордан Поткошулов е човекот кој сé прави за да í овозможи на сопствената фамилија многу малку и со тоа малку да ја задоволи и сопствената глад и сé со 200 евра. Прилеп е градот на Театарот, штета што Фестивалот не трае цела година.

***Ана Костовска,*** *актер*

Аплаузот беше прекрасен, огромна мотивација е публиката, а овде имавме внимателна и расположена публика. Приказот е застрашувачки, апокалиптичен. Се надевам дека на светот постои противтежа на глупоста, дека доблеста, мудроста, умот и добрината ќе преовладеат. Сметам дека сé уште луѓето се слушаат без оглед колку мрачно изгледа во секојдневието.

## Публиката . . .

- Ме воодушевија трите наречнички, односно караконџулите, многу вистина кажаа!
- Претставата е интересна, особено ликот на геј-момчето, вистина од која не се бега.
- Верувам дека многумина се препознаа барем за миг во некоја епизода од ликовите. Тоа е животот.
- Има ли глупоста крај, може ли да се избега, или ја носиме со себе, таа е дел од секој од нас. Претстава која можеби засмејува, но предизвикува големо размислување.

# Награда за животно дело . . .

**Салаетин Билал, актер**

# Актерот ако игра - постои!



**Билтен:** Како ја доживувате годинашната награда за животно дело, ако се има предвид фактот дека ова е само уште една плус во низата досегашни ?

**-** Јас сум многу среќен поради признанието од моите колеги, што е особено важен момент, затоа што, во нашава професија се случува да има доста извонредни актери кои никогаш не може да дојдат до награда само поради тоа што; или претставата во која тие носат извонредна креација не доаѓа на Фестивалот, случајно или неслучајно; или околностите се такви што некоја жири комисија не проценила дека таа креација треба да биде поинаку вреднувана. Затоа велам дека јас сум среќен што покрај другите мои наградени креации на Фестивалот, еве, и овој пат сум меѓу избраните, што ми е посебно мило бидејки, таа, на некој начин, е награда која има понакво значење, пред сé, таа е како еден вид заокружување на целокупниот мој ангажман како актер во текот на мојата кариера.

**Билтен:** Се навраќаме на Вашите почетоци. Зошто, како, каде се одлучивте театарот, актерството да бидат Ваша животна определба ?

- Определбата за театарот беше уште во основното училиште каде наставникот по книжевност беше голем љубител на театарот. Ѐ тестираше и не избра, нас неколкумина, за членови на актерската секција во училиштето. Во средното училиште, пак, исто така, имавме една професорка по македонски јазик- голема вљубеничка во тетарската уметност, која ја продолжи традицијата на она што започна уште во основното училиште. Јас бев во ист клас, односно бев соученик со Коле Ангеловски, што ми причинува посебно задоволство, бидејќи, еве, денес, и двајцата сме успешни во она што го работиме, тој режисер, јас актер. Тоа се почетоците кои влегоа во мојата крв и јас едноставно, не можев без театарот, а изгледа и театарот не можеше без мене.



**Билтен:** Вашите професионални почетоци се врзани со некогашната Турска драма. Кога за прв пат влеговте во неа и имавте ли некоја личност која на некој начин беше Вашидол во актертсвото ?

- Во тој период јас редовно ги следев претставите на  Театарот на националностите- Турската драма и Албанската Драма. А ги следев претставите и во Македонскиот народен театар, но, овде, ми одеше малку потешко со влегувањето на претставите. Не ме пуштаа лесно со образложение оти сум бил многу мал; ама, јас се снаоѓав; упорно чекав пред вратите од театарот да се појави некоја сериозна брачна двојка, на пример, и ги замолував да ме внесат внатре.Тоа можеби доаѓаше малку како да е со сила, како натрапување, но, едноставно не можев да седам дома, а да знам дека има театарска претстава која не сум ја гледал. Инаку, уште како ученик јас бев често пати канет во тетарите за да настапувам во улогите на некои мали деца, кои всушност беа моите први улоги, а редовно во Театарот започнав да работам после студиите во Истанбул, каде во 1964/65 година успешно настапив со главна улога во пиеса на авторот Назим Хикмет кој во тоа време беше забранет во Турција. Уште со првата улога доживеав завиден успех, така што оттогаш до денес, имам одиграно над 170 улоги. А што е можеби уште поважно, е и податокот дека и по пензионирањето имам одиграно повеќе од 20 улоги.

**Билтен:** Како професионален актер играте за повеќе театри. Ви претставува ли проблем, или бариера јазикот ?
**-** Да, јас настапувам во различни претстави, сеедно чии проекти се тие. Сум играл улоги на: ромски, француски, англиски, италијански јазик, и не ми претставувало проблем, бидејки улогите ги учам напоредно и на македонски јазик за да бидам сигурен што точно кажувам.

**Билтен:** Не Ви се непознати и филмските искуства. Следствено на тоа, многу често сте патувале и надвор од земјава.
**-** Апсолутно точно. Сум патувал многу, и колку повеќе гледав претстави, толку повеќе доаѓав до заклучокот дека кон улогите, карактерите и ликовите кои ги толкувам треба да се пристапи многу посериозно, затоа што во Македонија имаме неверојатно добри глумци, но, не секогашумееме да го извадиме максимумот од себе. Јас ја имав таа среќа да настапувам и во неколку странски филмови и серии каде работев со различни актери: американски, англиски, српски, словенечки… а, тоа многу ми помогна во себенадградувањето како актер за да бидам се подобар од улога во улога, односно научив да ја давам точната визија за карактерот на ликот кој го толкувам.

**Билтен:** Безмалку, половина век сте во театарот. Има ли нешто за кое сметате дека не успевте да го направите онака како што сте сакале или можеле ?
**-** Не, не! Јас не сум од тие актери што жалат за нешто, бидејќи сé што ми беше понудено како улога да го толкувам, јас го играв. Понекогашдури бев и преоптоварен со ангажмани, се случувало да имам и по пет главни улоги годишно, но, од сето тоа сум извлекол само едно големо искуство, а и си потврдив дека актерот не треба никогашда е уморен, или, како што вели еден турски драмски автор: “Актерот ако игра- постои, а ако не неговиот глас останува да ечи, пробивајќи го таванот на сцената во вселената”. Со други зборови, доколку не играш- не си ни актер повеќе.

**Билтен:** За плановите?!
**-** Иако сум пензиониран според она што сум го заслужил како стаж, сепак, со професијата никогаш не престанав и нема да престанам. Еве, сега, на пример, поканет сум да играм во еден филм во Турција, на 18-ти патувам таму на снимање, а во меѓувреме ангажаран сум и тука, а имам одиграно и во неколку турски серии.

# Придружна програма . . .

сцена Театар „Војдан Чрнодрински“

Факултет за драмски уметности - Скопје

**„ШАХ - МАТ, ЉУБОВ МОЈА“** режија Ивана Ангеловска

Краток драмски текст на Мила Јовановиќ студент во драматургија во класата на вонреден проф. Маја Стевановиќ



сцена Театар „Војдан Чернодрински“

**„НЕ СЕ КЛАДИ НА ЕНГЛЕЗИ“** режија Синиша Ефтимов

продукција Аудиенција

сцена Театар „Војдан Чернодрински“

**„БОРЕЊЕ СО МЕЧКА“** режија Стефо Нанцу

Австралиско-Македонски театар од Сиднеј



# Гостување . . .

**Душан Ристевски, Австралиско-Македонски Театар од Сиднеј**

## Театарската претстава како превенција

**Билтен**: На сцената на Народниот театар „Војдан Чернодрински“ театарската група при Австралиско-Македонскиот Театар од Сиднеј ја изведе претставата „Борење со мечка“ во режија на Стефо Нанцу. Како автор на текстот, како поминавте?

- Ова е второ гостување во придружната програма на МТФ. Пред три години бевме тука со “Мис Балкан”. Бевме изненадени од посетата и тоа на младите луѓе. Имаше овациии, аплауз, доста добри коментари, дури дека сме подобри од претхоното гостување. Во Австралија претставата ја прикажуваме пред македонската заедница и е доста гледана. Ја изведуваме и на англиски јазик за австралиската публика. Но тука прилепската публика е поспонтана, доста прифаќа комични ситуации и реагира, а ги разбираше и англиските термини.

**Билтен:** Гостувавте во Скопје, во Велес, во Штип, Струмица. Каде ја продолжувате македонската турнеја?

- Одиме во Битола и во Охрид. Овие контакти се добредојдени и црпиме искуство од луѓето вклучени во тетарскиот живот, да гледаме поинаку на театарската креативност оти таму сме излоирани, овде има македонски автори и нивни изведби.

**Билтен:** Проследивте дел од програмата на МТФ. Какви се впечатоците?

- Сценската изведба на дел од претставите беше фантастична. Режисерот Стефо Нанцу само не советува да правиме нешто на сцената, да се движиме, а да не стоиме како дрво.

**Билтен:** Планови за иднина?

- Ова е шести текст кој е поставен на сцена. Наскоро во Австралија ќе ја работиме комичната претстава „Доктор жими мајка“. Кон крајот на годинава ќе работиме еден проект заедно со либанската заедница - за либанско и македонско семејство и хармонија, почитта во мултикултурно општество.

**Билтен:** Во вашите претстави има поучна нота, темите се за здравјето, за среќата, за соживот. Колку се поучни?

- Тоа е дел од мојата професија како психотерапевт и социолог кој работи со пациенти со ментални болести. Сите драми се со тема од дијаспората и со проблемите со кои се соочуваат, за децата бегалци, за менталните болести, за зависностите. Театарските претстави се како превенција. Тоа е целта, има реакции, нешто ги ефектира гледачите од тоа што го виделе на сцената. Сметам дека се соочуваат со вистината и размислуваат нешто да променат во здравјето и животот, ги потикнуваме. Но и културни навики и зачувувањето на македонските културни вердности и јазикот е целта на нашите претстави.



# Атмосфера . . .

Да потсетиме, саботното патување во Скопје на преку 600 прилепчани со 12 (море 13) автобуси беше несекојдневно доживување. Фестивалската публика, фала богу, убаво патуваше и среќно се врати. Во новиот објект на МНТ беа маѓепсани од амбиентот и од претставата "Вечната куќа". Коментарите не стивнуваат: Секогаш сме подготвени за нови изненадувања!







Екипата на театар "Комедија" задоволна по претставата. Си направија роденденска атмосфера - иако, признаа, никој не слави роденден, ама ако треба и ќе се прослави. А актерот Крсте Јовановски веднаш во комуникација со жирито. Аха...

# Атмосфера . . .



Диркеторите: на Фестивалот - Темелковски, на Драмски - Велјановски во разговор со режисерот Љубиша Георгиевски и со актерот Петар Мирц.

Очигледно, има добар "материјал" за муабет

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -




Одлична забава на гостите синоќа во фестивалското бифе им понуди МЕМФИС БЕНД од Битола. Журката, која започна по претставите траеше до раните утрински часови.

Забавата продолжува и вечерва со настап на АКУСТИК БЕНД, додека в четврток посетителите ќе ги забавува ЕРУПТИОН.

За добро расположение во финишот, по свеченото затворање на Фестивалот, ќе се погрижи скопската рок група "ТОА Е ТОА".

Уживајте!

# Ќе гледаме . . .

**СРЕДА, 11 ЈУНИ**

**сцена ЦК "Марко Цепенков" - 19.30 часот**
"ИНСПЕКТОРОТ ОД ОН",реж. Агим Сопи
Тетовски театар

**сцена театар"Војдан Чернодрински" - 22.00 часот**
"ШВЕЈК ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА"
реж. Мартин Кочовски
ЦК"Марко Цепенков" - театар "Војдан Черндорински"

**сцена ЦК"Марко Цепенков" - 24.00 часот**
"Каминот" реж. Васил Михаил
театар Струмица

**ЧЕТВРТОК, 12 ЈУНИ**

**сцена театар"Војдан Чернодрински" - 19.30 часот**
"КРАЛОТ ЛИР" реж. Ѕвездана Ангеловска
Театар Велес

**сцена ЦК"Марко Цепенков" - 22.00 часот**
" 1984" реж. Дејана Николовска
Струмички театар

**сцена театар"Војдан Черндорински" - 24.00 часот**
"Стил" актерска игра на студентите на ЕСРА

**ПЕТОК, 13 ЈУНИ**

**сцена ЦК"Марко Цепенков" - 20.00 часот**
"СТЈУАРДЕСИ" реж. Синиша Ефтимов
театар Комедија - Скопје

## 49. Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински" - Прилеп

**Покровители:**
Министерство за култура на Република Македонија
Собрание на Општина Прилеп

**Собрание на МТФ:**
Валмир Азири - Тетовски театар - Тетово
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Роберт Вељановски - Драмски театар - Скопје
Јордан Витанов - Театар Велес
Јелена Жугиќ - Театар "Комедија" - Скопје
Адем Карага - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - Театар Штип
Атила Клинче - Турски театар - Скопје
Драган Маџиров - Театар Струмица
Роберт Павлевски - Театар Куманово
Валентин Светозарев - Народен театар - Битола
Маја Стевановиќ - ФДУ - Скопје
Горан Стојаноски - Театар Охрид
Тони Чатлески - Театар Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - претседател
Јордан Витанов - член
Атила Клинче - член
Валентин Светозарев - член
Тони Чатлески - член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Братислав Димитров
Мустафа Јашар
Васе Манчев

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

Билтен на 49. МТФ
“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредници на Билтенот:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска, Каролина Мицевска, Сашо Тренкоски, "Фан" продукција.

Македонски театарски фестивал
**“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
НУ Центар за култура “Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@yahoo.com, info@mtf.com.mk
www.mtf.com.mk